Член 2

Се задолжуваат здруженијата на граѓани и фондации од член 1 по завршувањето на своите програмски активности да доставаат извештај за користењето на средствата до Министерството за финансии најдоцна до 31.01.2004 година.

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Министерството за финансии.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3526/1 Претседател на Владата
21 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1198.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" ("Службен весник на РМ" бр. 41/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.07.2003 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТАНОВИ ИЗГРАДЕНИ ПО "ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ"

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат услови и критериуми за распределба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи и на млади брачни двојки изградени со средства за делумно финансирање согласно Договорот за заем од Фондот/Проект 1340 на Советот на Европската Банка за развој (во натамошниот текст: Проектот), како и со средства од Буџетот на Република Македонија.

Член 2

Реализацијата на изградбата на становите и нивниот број се предвидува со годишна Програма за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија.

Член 3

Барање за добивање на стан за користење под закуп може да поднесе лице:

- државјанин на Република Македонија;
- со постојано место на живеење во местото каде е изграден станот; и
- без стан во негова сопственост, на брачниот другар и на полнолетните членови на неговото семејно домаќинство.

Становите ќе се распределуваат согласно Методологијата за бодирање на кандидатите за добивање право на користење на стан под закуп, составен дел на оваа одлука (Прилог 1).

Член 4

Распределбата на становите ќе се врши врз основа на следните критериуми:

- просечниот годишен приход по член на семејно домаќинство да не изнесува повеќе од 65% од просечниот годишен Бруто-национален приход по глава на жител на Република Македонија, според последниот објавен податок од Државниот завод за статистика на РМ;
- млади брачни двојки со деца не постари од 12 години; и
- лица над 18 години кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици на згрижување за деца без родители.

Член 5

Распределбата на становите ќе се врши во зависност од бројот на членовите на семејното домаќинство на барателот на стан и од големината (површината) на станот по $м^2$ утврдена во главниот изведбен проект усвоен од надлежен орган.

Член 6

Распределбата на становите ќе ја врши Комисија составена од пет члена, од кои три од Министерството за транспорт и врски и по еден член од Министерството за труд и социјална политика и од Министерството за финансии (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата ја формира министерот за транспорт и врски во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 7

Распределбата на становите изградени по Проектот ќе се врши со распишување на оглас во најмалку две јавни дневни гласила од страна на Министерството за транспорт и врски.

Огласот од став 1 на овој член се распишува во рок од 8 дена од денот на издавањето на акт за употреба на станбениот објект од надлежен орган.

Член 8

Огласот од член 7 на оваа одлука, меѓу другото содржи:

- местоположба на станбениот објект и адреса;
- бројот на станови и станбената површина што ќе се распределува согласно член 5 на оваа одлука;
- спецификација на потребната документација која барателот на стан треба да ја приложи (уверение за државјанство; потврда дека барателот, неговиот брачен другар и полнолетните членови на неговото семејно домаќинство на територијата на Република Македонија немаат стан во сопственост; потврда за висината на платата остварена за последните три месеци за барателот, неговиот брачен другар и полнолетните членови на неговото семејно домаќинство; потврда за брачниот статус, односно за раскинување на истиот, потврда за невработеност и др.);
- рок за поднесување на потребната докуметнација; и
- критериуми по кои ќе се врши распределбата на становите.

Поднесените документи не можат да бидат со важност постари од шест месеци и за валидноста на истите подносителот дава изјава под морална, материјална и кривична одговорност.

Барањето за добивање на стан на користење под закуп со потребната документација се поднесува до Министерството за транспорт и врски.

Член 9

Комисијата е должна во рок од 30 дена по завршувањето на огласот да изготви ранг листа на пријавените кандидати и врз основа на истата министерот за транспорт и врски донесува одлука за распределба на становите.

Одлуката од став 1 на овој член се доставува на секој учесник на огласот во рок од 15 дена од денот на донесувањето, со поука за право на жалба до Комисијата за станбени и иселенички прашања.

Член 10

За користењето на стан се склучува договор за користење на стан под закуп меѓу Министерството за транспорт и врски и лицето кое добило стан на користење, согласно одредбите на Законот за облигационите односи.

Во договорот од став 1 на овој член, меѓу другото се утврдува висината на закупнината која не може да биде пониска од 0,46 ЕУР по $м^2$, а утврдена со годишната Програма за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија, времетраењето на закупничкиот однос кој не може да биде подолг од пет години, како и други права и обврски за страните на договорот.

Член 11

Корисниците на стан под закуп ќе можат да го откупат станот по рокот утврден во став 2 на член 10 на оваа одлука, на начин и услови утврдени со закон.

Член 12

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија ќе врши контрола и следење на договорите за користење на стан под закуп, односно за исполнување на обврските од страна на закупопримачите, утврдени во договорите.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот и постапката за распределување на становите изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лицата со ниски приходи" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 104/00, 97/01 и 8/02).

Член 14

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3356/1
21 јули 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

## МЕТОДОЛОГИЈА
## ЗА БОДИРАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА СТАН ПОД ЗАКУП

1. Подносителот на барањето на стан при бодирањето може да добие најмногу 100 бода.

2. По критериумот од член 4 алинеја 1 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 30 бода.

По критериумот од член 4 алинеја 2 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 30 бода.

3. По критериумот од член 4 алинеја 3 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 40 бода.

Бодирањето се врши според следнава табела:

| Критериуми | % | Бодови |
|---|---|---|
| Просечен годишен приход по член на семејно домаќинство не повеќе од 65% од просечниот БНП по глава на жител на Република Македонија според последниот објавен податок од Државниот завод за статистика на РМ - член 4, алинеја 1 | до 65%<br>до 60%<br>до 55%<br>до 50%<br>до 45%<br>до 40% | 5 бода<br>10 бода<br>15 бода<br>20 бода<br>25 бода<br>30 бода |
| Млади брачни двојки со деца не постари од 12 години - член 4, алинеја 2 | Без деца<br>со 1 дете<br>со 2 и повеќе деца | 20 бода<br>25 бода<br>30 бода |
| Лица над 18 години кои до 18-та година биле згрижени во институции и други облици на згрижување за деца без родители - член 4, алинеја 3 | | 40 бода |

4. Лицата кои на објавените, а поништени огласи за распределба на станови во Скопје, Велес, Гостивар, Кичево, Делчево и Битола, склучиле договори за закуп на стан, а поднеле барање за добивање на стан согласно оваа методологија, ќе добијат дополнителни 10 бода.

5. При утврдување на ранг листата, во случаи на ист број на бодови согласно оваа методологија, приоритет ќе имаат лицата над 18 години кои до 18-та година биле згрижени во институции и други облици на згрижување за деца без родители.

**1199.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.07.2003 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства во износ од 80.000.000 денари на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија од кои 72.400.000 денари за надминување на финансиските проблеми со кои се соочува Фондот и 7.600.000 денари за издавање на сини картони на претпријатијата загубари за август 2003 година.

Член 2

Средствата од член 1, да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, Раздел 090.02 Министерство за финансии - Функции на државата, Програма 12, ставка 443, потставка 443717 - Други непомнати трансфери.

Член 3

Се задолжува Министерството за финансии да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3559/1
28 јули 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1200.**

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.07.2003 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕДОРАСПОРЕДЕНИТЕ СРЕДСТВА - ТРАНСФЕРИ КОН ИЗДАВАЧИТЕ НА ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

Член 1

Средствата од Раздел 193.01 од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, потставка 443813 на Агенцијата за информации (трансфери до издавачите на весници и списанија) за 2003 година, во износ од 10.000.000,00 денари се распоредуваат на следниве корисници:

| | |
|---|---|
| 1. Дневник | 3.500.000,00 |
| 2. МИА | 1.500.000,00 |
| 3. Кумановски весник | 250.000,00 |
| 4. Теа модерна | 250.000,00 |
| 5. Македонија-еуропе | 300.000,00 |
| 6. БИС | 600.000,00 |
| 7. Репортер | 300.000,00 |
| 8. Вепра | 300.000,00 |
| 9. Дрини | 450.000,00 |
| 10. Пика | 400.000,00 |
| 11. Брези 9- | 450.000,00 |
| 12. Македонска панорама | 300.000,00 |
| 13. Влера | 300.000,00 |
| 14. Албас | 150.000,00 |
| 15. Македонија во НАТО | 300.000,00 |
| 16. Прокултура | 450.000,00 |
| 17. Сити лајф | 200.000,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1882/1
25 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**699.**

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/00), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2006 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТАНОВИ ИЗГРАДЕНИ ПО „ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ"**

Член 1

Во Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр.51/03), во член 8, став 1, алинеја 3 во третиот ред зборот „потврда" се заменува со зборовите: „изјава заверена кај нотар".

Член 2

Во членот 9 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Конечната одлука, Комисијата од член 6 на оваа одлука, ја доставува до Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија заради склучување на договор за закуп на стан".

Член 3

Во членот 10, ставот 1 се менува и гласи:

„Врз основа на конечната одлука за распределба на стан, се склучува договор за закупец на стан меѓу Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и лицето кое го добило станот на користење, согласно одредбите од Законот за облигационите односи".

Член 4

Членот 12 се менува и гласи:

„Постојните договори за користење стан под закуп, склучени меѓу Министерството за транспорт и врски и лицето кое го добило станот на користење-закупец, ќе се заменат со нови договори за закуп на стан, кои ќе се склучат меѓу Република Македонија преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и лицето кое го добило станот на користење - закупецот.

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија е овластено со новиот договор да го доуреди закупниот однос воспоставен со закупецот со постојниот договор за користење на стан, согласно Законот за домување".

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2034/1
25 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**700.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2006 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

На досегашниот корисник Национална установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола му престанува правото на користење на недвижната ствар – верски објект „Хајдар Кади Џамија", евидентиран во Поседовен лист бр. 10385; којшто се наоѓа на КП бр. 2390; К.О. Битола и тоа: под објект со вкупна површина од 424 $м^2$ и двор со вкупна површина од 1701 $м^2$, на адреса: „Џане Василев" – Битола, имот во сопственост на Република Македонија.

На досегашниот корисник Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип му престанува правото на користење на недвижната ствар – верски објект „Хуса Медин Паша Џамија", евидентиран во Поседовен лист бр. 3909; којшто се наоѓа на К.П. бр. 7410; К.О. Штип-2 и тоа: објект со вкупна површина од 100 $м^2$ и двор со вкупна површина од 112 $м^2$, на адреса: „Св. Илија" – Штип, имот во сопственост на Република Македонија.

Недвижните ствари од ставовите 1 и 2 на овој член се даваат на користење на Исламската верска заедница на Република Македонија.

Член 2

Правото на користење на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 став 1 на оваа одлука ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Националната установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола и новиот корисник Исламската верска заедница на Република Македонија, а примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 став 2 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип и новиот корисник Исламската верска заедница на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1869/1
25 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**665.**

Врз основа на член 107 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/05 и 14/07) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2007 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРУПИ НА КОРИСНИЦИ СО ПРАВО НА ПРИОРИТЕТНИ МРЕЖНИ ПРИКЛУЧНИ ТОЧКИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ САМО ВО СЛУЧАЈ НА ПАД НА МРЕЖАТА, ВОЕНА ИЛИ ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ИЛИ ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат групите на корисници со право на приоритетни мрежни приклучни точки кои можат да се користат само во случај на пад на мрежа, воена или вонредна состојба или елементарна непогода.

Член 2

Групи на корисници со право на приоритетни мрежни приклучни точки кои можат да се користат само во случај на пад на мрежа во воена и вонредна состојба или елементарна непогода се:

- органите на државна управа и единиците на локалната самоуправа;
- Армијата на Република Македонија;
- државни органи, организации, установи и претпријатија и трговски друштва со јавни овластувања;
- медиуми од областа на радиодифузната дејност.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2255/1
17 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**666.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2007 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

Недвижната ствар - објект и земјиште на бул. „Климент Охридски" бр. 9 во Скопје, со површина на објектот до 245 $м^2$, земјиште под објектот со површина од 180 $м^2$, двор со површина од 127 $м^2$, односно со вкупна површина на земјиштето од 307 $м^2$, што се наоѓа на КП бр. 9566 КО Центар, запишан во Имотен лист бр. 1729, сопственост на Република Македонија, се дава на користење на Секретаријатот за европски прашања.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на користење на Секретаријатот за европски прашања без надомест и на неопределено време.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука да се изврши меѓу Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2249/1
17 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**667.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/00), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2007 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТАНОВИ ИЗГРАДЕНИ ПО „ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ"

Член 1

Во Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03 и 55/06), во член 3 став 1 зборовите „за користење" се бришат.

Во алинеја 2 зборот „местото" се заменува со зборовите „општината и на градот Скопје".

Во алинеја 3 зборот „негова" се заменува со „лична", зборот „семејно" се заменува со зборот „заедничко" и пред точката се додаваат зборовите „на територијата на Република Македонија".

Во ставот 2 зборовите „на користење" се бришат, а зборовите во заградата „(Прилог 1)" се заменуваат со зборовите „(Прилог 1-а)".

Член 2

Во членот 4, во алинеја 1 зборот „семејно" се заменува со зборот „заедничкото" и зборовите „просечниот годишен Бруто - национален приход" се заменуваат со зборовите „Бруто домашниот производ".

Член 3

Во членот 5 зборот „семејно" се заменува со зборот „заедничкото" и зборовите „главниот изведбен проект" се заменуваат со зборовите „проектот за изведена состојба".

Член 4

Во членот 8, во став 1, алинеја 1 зборовите „местоположба на" се заменуваат со зборовите „општината во која е изграден".

Алинеја 3 се брише.

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 5

По членот 8 се додава нов „член 8-а" кој гласи:

Член 8-а

Потребна документација која барателот на стан под закуп треба да ја приложи:

1. барање за добивање стан под закуп со спецификација на приложените документи:

2. уверение за државјанство на барателот, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство;

3. извод од матична книга на венчаните, или доказ за раскинување на брачниот статус;

4. извод од матична книга на родените за децата;

5. изјава заверена на нотар дека барателот, неговиот брачен другар и сите членови на неговото заедничко домаќинство на територијата на Република Македонија немаат стан, куќа или куќа за одмор во нивна сопственост, а за членови на заедничкото домаќинство кои не се полнолетни изјава дава родителот, неговиот законски застапник или старателот;

6. потврда за висината на месечната исплатена плата остварена за последните три месеци за барателот, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство;

7. потврда за невработеност за членовите од заедничкото домаќинство на барателот;

8. уверение за жителство за барателот, неговиот брачен другар и сите членови на неговото заедничко домаќинство со постојано место на живеење во општината каде е изграден станот;

9. копија од важечка лична карта за барателот, неговиот брачен другар и полнолетните членови на неговото заедничко домаќинство;

10. уверение за платени даноци издадени од даночни органи во општината.

Документите од став 1 на овој член се поднесуваат во оригинал и не можат да бидат постари од шест месеци.

За валидноста на поднесените документи барателот доставува изјава заверена на нотар под морална, материјална и кривична одговорност.

Барањето за добивање на стан под закуп со потребната документација се доставува до Министерството за транспорт и врски во затворен коверт со назнака „Не отворај" до Комисијата за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи".

Непотполната документација и документацијата доставена во Министерството за транспорт и врски по истекот на предвидениот рок согласно објавениот оглас, нема да се разгледува".

Член 6

Членот 9 се менува и гласи:

„Комисијата е должна во рок од 30 дена по завршувањето на огласот од членот 7 на оваа одлука да изготви ранг-листа на пријавените кандидати и истата да ја достави до министерот за транспорт и врски.

Врз основа на ранг-листата министерот за транспорт и врски донесува поединечни решенија за распределба на становите за секој учесник на огласот.

Решенијата од став 2 на овој член се доставуваат до секој учесник на огласот во рок од 15 дена од денот на донесувањето, со право на жалба до Комисијата за решавање во втор степен по жалби на Владата на Република Македонија, по огласите за распределба на становите изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи".

Против конечните решенија на Комисијата од став 3 на овој член, барателот може да поднесе тужба пред надлежен суд".

Член 7

Во членот 10 во став 1 зборовите „на користење" се заменуваат со зборовите „под закуп".

Член 8

Во член 12 во став 1 зборовите „на користење" се заменуваат со зборовите „под закуп".

Во ставот 2 по зборот „стан" се додаваат зборовите „под закуп".

Член 9

Започнатите постапки по жалба по однос на огласите за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" ги презема Комисија за решавање во втор степен по жалби на Владата на Република Македонија, по огласите за распределба на становите изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи".

Член 10

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2276/1
17 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА БОДИРАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СТАН ПОД ЗАКУП (Прилог 1-а)

Подносителот на барањето на стан под закуп при бодирањето може да добие најмногу 100 бода.

1. По критериумот од член 4 алинеја 1 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 30 бода.

2. По критериумот од член 4 алинеја 2 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 35 бода.

3. По критериумот од член 4 алинеја 3 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 35 бода.

Бодирањето се врши според следната табела.

| Критериуми | | Бодови |
|---|---|---|
| Годишен приход по член на заедничко домаќинство да не изнесува повеќе од 65% од Бруто домашниот производ по глава на жител на Република Македонија според последниот објавен податок од Државниот завод за статистика на РМ - член 4, алинеја 1 | од 61% до 65%<br>од 51% до 60%<br>од 41% до 50%<br>од 31% до 40%<br>од 21% до 30%<br>до 20% | 5 бода<br>10 бода<br>15 бода<br>20 бода<br>25 бода<br>30 бода |
| Млади брачни двојки со деца не постари од 12 години - член 4, алинеја 2 | - без деца<br>- со 1 дете<br>- со 2 и повеќе деца | 15 бода<br>25 бода<br>35 бода |
| Лица над 18 години кои до 18-та година биле згрижени во институции и други облици на згрижување за деца без родители - член 4, алинеја 3 | | 35 бода |

4. При утврдување на ранг-листата, во случаи на ист број на бодови согласно оваа методологија, приоритет ќе имаат лицата над 18 години кои до 18-та година биле згрижени во институции и други облици на згрижување за деца без родители.

5. При утврдување на ранг-листата Комисијата од член 6 на оваа одлука врши увид на местата на живеење на сите баратели кои имаат ист број на бодови.

Од увидот Комисијата составува записник.

Согласно констатираните состојби од увидот на лице место Комисијата изготвува ранг-листа.

---

**668.**

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 април 2007 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија, бр. 02-181/3 од 5 април 2007 година, со која за директор на Институтот е именуван Владимир Здравев, дипл. машински инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-2155/2
11 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**669.**

Врз основа на член 43 став 2 и член 44 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2000, 49/2003 и 113/2005) и член 3 од Законот за основање на Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2007). Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 април 2007 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

1. За претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип се именуваат:

а) за претседател:
- проф. д-р Марија Ташева

б) за членови:
- проф. д-р Владо Поповски
- вонреден проф. д-р Саша Митрев
- проф. д-р Тодор Делипетров
- проф. м-р Стела Слеанска
- доц. д-р Сашко Кедев
- м-р Зоран Ставрески

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-2111/2
3 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдени е дека во текстот на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 45/07, направена е техничка грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 2007 ГОДИНА

Во делот III од Програмата, во табелата „СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО" во точка 2.5. наместо износот „1.250,00" треба да стои износот „1.250.000,00".

Бр. 19-1675/2
19 април 2007 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**670.**

Врз основа на член 85 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06), министерот за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во основното училиште („Сл. весник на Република Македонија" бр. 56/02, 36/03 и 77/05), во член 6 став 1 по алинеја 7 се додаваат четири нови алинеи 8, 9, 10 и 11 кои гласат:

„- свидетелство за успехот во основното образование за ученици со посебни образовни потреби (аутизам) - Образец, бр. 3-8;

- свидетелство за завршено основно училиште за ученици со посебни образовни потреби (аутизам) - Образец, бр. 3-9;

- свидетелство за општиот успех во основното образование со посебни образовни потреби за учениците (мултихендикеп) - Образец, бр. 3-10;

- свидетелство за завршено основно училиште за ученици со посебни образовни потреби (мултихендикеп) - Образец, бр. 3-11."

Во ставот 2 по бројот „3-7" се додаваат броевите: „3-8, 3-9, 3-10 и 3-11".

Член 2

Во член 15 став 1 и 2 по бројот „3-7" се додаваат броевите: „3-8, 3-9, 3-10 и 3-11".

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-2518/1
2 април 2007 година
Скопје

Министер,
**Сулејман Рушити**, с.р.

## Спецификација бр.2

| Ред. број | Име на лекот | Производ. | Ед. мерка | Количина | Цена | Вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Almacin cps 16x500 mg | Alkaloid | sc | 665 | 95.24 | 63.334.60 |
| | | | | | | |
| 2. | Klimicin cps 16x150 mg | Lek | sc | 602 | 99.00 | 59.598.00 |
| | | | | | | |
| 3. | Nolicin tbl 400 mg | Krka | sc | 200 | 342.99 | 68.598.00 |
| | Norfloxacin tbl 400 mg | Replekfarm | sc | 500 | 250.00 | 125.000.00 |
| | Citeral tbl 500 mg | Alkaloid | sc | 706 | 240.00 | 169.444.00 |
| | | | | | | |
| 4. | Euthyrox tbl 100 mg | Merck | sc | 506 | 151.27 | 76.542.62 |
| | | | | | | |
| 5. | Verapamil drg 50x80mg | Alkaloid | sc | 700 | 80.00 | 56.000.00 |
| | Verapamil drg 50 x80mg | Replekfarm | sc | 4239 | 61.00 | 258.579.00 |
| | | | | | | |
| 6. | Vit C tbl 250 x500 mg | Replekfarm | sc | 1668 | 400.00 | 667.200.00 |
| | Вкупно : | | | | | 1.544.296.22 |

---

**451.**

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/00), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.02.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТАНОВИ ИЗГРАДЕНИ ПО „ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ"

Член 1

Во Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03, 55/06 и 50/07), член 11 се брише.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1169/1
25 февруари 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

3354.

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/00), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТАНОВИ ИЗГРАДЕНИ ПО „ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ"

### Член 1

Во Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03, 55/06, 50/07 и 30/08) по членот 10 се додава нов член 10-а кој гласи:

"Член 10-а"

,,Комисијата по Проектот, 6 месеци пред истекот на рокот на важење на постојните договори за закуп ќе побара од закупците на становите да ја достават следната документација:

1. уверенија за платени даноци издадени од даночниот орган во општината (за сите полнолетни членови на заедничкото домаќинство одделно);
2. уверенија за евидентиран - запишан недвижен имот издадени од Агенција за катастар на недвижности (за сите полнолетни членови на заедничкото домаќинство одделно);
3. изјава заверена на нотар дека барателот, неговиот брачен другар и сите членови на неговото заедничко домаќинство, на територијата на Република Македонија немаат стан, куќа или куќа за одмор во нивна сопственост, а за членовите на заедничкото домаќинство кои не се полнолетни изјава дава родителот, неговиот законски застапник или старателот (за сите полнолетни членови на заедничкото домаќинство одделна);
4. изјава заверена на нотар под морална, материјална и кривична одговорност за валидноста на поднесените документи од страна на закупецот.

Документацијата од став 1 на овој член се доставува до Комисијата по Проектот во оргинал која не е постара од шест месеци.

Комисијата по Проектот доставува до Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија извештај со список на лица (закупци) кои ги исполнуваат условите и список на лица (закупци) кои не ги исполнуваат условите од став 1 на овој член во рок од 30 дена пред истекот на рокот на важење на договорите за закуп.

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на списоците на лица (закупци) склучува нов договор за закуп на стан со лицата (закупци) што ги исполнуваат условите од став 1 на овој член.

Договорот за закуп содржи одредба дека доколку закупецот не ги исполнува обврските за закуп, договорот ќе биде раскинат.

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија по приемот на извештај со список на лица (закупци) кои не ги исполнуваат условите од став 1 на овој член, веднаш спроведува постапка за иселување на лицата од становите што ги користат под закуп.

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија во рок од 7 дена од денот на преземањето на станот во владение, ја известува за тоа Комисијата по Проектот. Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија врши контрола за начинот на исполнување на обврските од договорите за закуп на стан како и за тоа дали на лицата закупци им истекле договорите за закуп на стан, за што изготвува и доставува годишен извештај со список на лица (закупци) до Комисијата по Проектот најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година.

Член 2

Комисијата по Проектот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука ги известува закупците чии договори за закуп истекле до денот на влегување во сила на оваа одлука да достават ново барање со потребна документација за склучување на нови договори за закуп на стан.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6410/1
23 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3355.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08) и член 18 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.12.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ДРЖАВЕН ОРГАН**

1. Во Одлуката за давање на користење на недвижен имот на државен орган („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/06), во точката 1, зборовите: „ул. „Генерал Жданов" бр. 10" се заменуваат со зборовите: „ул. „Ресавска" бр. 6".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6640/1
16 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА Б3-ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ СО КОМПАТИБИЛНИ НАМЕНИ А3, Б5, В3, В4 И Д3 ДО 40% ВО КО ТЕТОВО ВОН Г.Р. ОПШТИНА ТЕТОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б3-Големи угостителски единици со компатибилни намени А3, Б5, В3, В4 и Д3 до 40% во КО Тетово вон г.р., општина Тетово.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 2266м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 7701 | Тетово вон г.р. | Клуково | нива | 4 |
| дел 7703/1 | Тетово вон г.р. | Клуково | нива | 3 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | 2311м² | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-7371/1-13
22 јануари 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**501.**

Врз основа на член 9 став (2) од Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011, 53/2011, 44/2012, 168/2012 и 163/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.12.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр.133/11, 20/12, 41/12 и 107/13), во член 1 во табелата "Р29" Регионални патишта по точката 22 се додава нова точка 23 која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 23 | Р29280 | Врска со Р2246 - Могорче |

Точката 23 станува точка 24.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9325/1
21 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**502.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/2007, 18/2011, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13 и 164/13), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 22.1.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАРИ (СКЛАД ЗА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ) КО ИЖИШТЕ ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на резервоари (склад за нафтени деривати) КО Ижиште, Општина Македонски Брод.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 8984 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела број | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 983/1 | Ижиште | Турски гробишта | нива | 6 |
| 984/2 дел | Ижиште | Турски гробишта | нива | 6 |
| 985/1 | Ижиште | Умишта | нива | 6 |
| 986/1 | Ижиште | Турски гробишта | нива | 6 |
| 987/1 | Ижиште | Умишта | нива | 6 |
| 982/2 дел | Ижиште | Турски гробишта | нива | 6 |
| 986/2 дел | Ижиште | Турски гробишта | нива | 6 |
| 987/2 дел | Ижиште | Умишта | нива | 6 |
| 776 дел | Ижиште | Умишта | нива | 6 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 15400 м² |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9588/1-13
22 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**503.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр.41/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТАНОВИ ИЗГРАДЕНИ ПО „ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ"

Член 1

Во Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03, 55/06, 50/07, 30/08 и 162/08) по членот 10-а се додаваат четири нови члена 10-б, 10-в , 10-г и 10-д, кои гласат:

„Член 10-б

(1)Лицата корисници на станови изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" можат да поднесат барање за купување на станот до правното лице од член 99 став (2) од Законот за домување, по истекот на закупничкиот период кој неможе да биде пократок од пет години.

(2)Со лицата од став 1 на овој член правното лице од член 99 став (2) од Законот за домување ќе склучи договори за продажба на станот, доколку ги исполнуваат следниве услови:

- лицето да е државјанин на Република Македонија;
- лицето да нема долг по основ на закупнина;
- лицето, неговиот брачен другар и членовите на неговото заедничко домаќинство да немаат стан, куќа или куќа за одмор или деловен простор во нивна сопственост или да не се корисници на друг стан или деловен простор во државна сопственост на територијата на Република Македонија;
- лицето, неговиот брачен другар и членовите на неговото заедничко домаќинство да не примаат поголем доход од 100% просечна плата во Република Македонија, калкулирано по коефициенти:
- возрасен ...................................К=1
- секој друг возрасен..................К=0,5
- малолетно лице (деца). ...........К=0,3 и
- цена во однос на купување на станот, ратата не смее да изнесува повеќе од 30% од вкупните примања во заедничкото домаќинство.

Член 10-в

Кон барањето за купување на станот, лицето ја доставува следната документација:

-уверение за државјанство;

-уверение за жителство;

-копија од лична карта, која ќе се користи согласно Законот за заштита на лични податоци;

-изјави заверени кај нотар од лицето, неговиот брачен другар и другите членови на неговото заедничко домаќинство дека немаат стан, куќа, куќа за одмор или деловен простор во нивна сопственот или да не се корисници на друг стан или деловен простор во државна сопственост на територијата на Република Македонија, а за членовите на зедничкото домаќинство кои не се полнолетни изјава дава родителот, неговиот законски застапник или старателот;

-потврда од органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижности дека лицето, неговиот брачен другар и другите членови на неговото семејно домаќинство не се запишани како носители на право во катастарот на недвижности:

-потврда за висината на месечната исплатена плата остварена за последните три месеци за барателот, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство и

-потврда за невработеност за членовите од заедничкото домаќинство на барателот.

Член 10-г

(1) Постапката за продажба на становите ја спроведува правното лице од член 99 став 2 од Законот за домување, во рок од три месеци од доставување на комплетното барање.

(2) Средствата остварени од продажбата на становите ќе се уплаќаат на посебна наменска сметка која за оваа намена ќе отвори правното лице од став 1 на овој член. Средствата од оваа сметка ќе бидат наменети исклучиво за изградба на најмалку ист број на станови кои ќе бидат продадени на корисниците, а ново изградените станови ќе се користат за иста намена согласно оваа одлука, и ќе бидат распределени на лица со ниски приходи.

(3) Продажбата на становите се врши во готово или на одложено плаќање со учество најмалку до 30%, а остатокот најмногу до 240 еднакви месечни рати, со годишна каматна стапка од 7,2%.

(4) Вредноста на станот се определува согласно Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена.

(5) Во имотниот лист, согласно договорот за купопродажба да има ограничување во однос на отуѓување на станот во идните 5 години, сметајќи од денот на конечната исплата на станот.

Член 10-д

Со лицата корисници на овие станови кои нема да поднесат барање за купување на станот согласно член 10-б став (1) на оваа одлука, правното лице од член 99 став 2 од Законот за домување ќе склучи нови договори за закуп на стан согласно Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена и тоа:

- договор за закуп за непрофитно домување со лицата чии примања се под границата на примањата потребни за откуп на станот согласно член 10-б став (2) од оваа одлука и

- договор за закуп за пазарно домување со лицата чии примања се над границата на примањата потребни за откуп на станот согласно член 10-б став (2) од оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9959/1-13<br>8 јануари 2014 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

**504.**

Врз основа на член 60-г став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија " бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012 и 155/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот финансиски план на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација за 2014 година, број 02-63/1 од 14.01.2014 година, усвоен од Управниот одбор на ова акционерско друштво, на седницата, одржана на 14.01.2014 година.